# Living the Lotus 11

## Buddhism in Everyday Life

2023

VOL. 218



Chihkan Tower, a historical building in Tainan, Taiwan / Shutterstock

Rissho Kosei-kai of Tainan

**Living the Lotus**
**Vol. 218 (Ноември 2023)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Нагануиа во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Да негодуваме умерено

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## дНегодувањетое е дзнаење погодено од болесте

Ова лето во Јапонија беше доволно жешко за да се смета како природна непогода. Но, дури и тоа да не беше случај, ние имаме тенденција да се жалиме, секогаш кога ги отвораме нашите усти, за летото дека е жешко и за зимата дека е ладна. Општо зборувајќи, дда се жалие значи да се изразува разочарување за нешта кои се надвор од контрола на човечките битија, како што се природни феномени, минати настани, и така натаму. Каков вид на нешта доаѓаат на вашиот ум кога ја слушате фразата, дизразување очај во врска со нешто кое е надвор од контролата на човечките битијае?

Додека мноштво негодувања во секојдневниот живот се интересни сами по себе, тоа се компонентите на вториот карактер *цхи* [痴] на Јапонскиот збор гучи [愚痴], алба, е кои се особено интересни за мене. Карактерот *цхи* [知], знаење,е значи способности да се разбере и да се направат одлуки за нешта, и вклучува интелигенција и мудрост кои го поддржуваат тој процес. Но кога ова дзнаењее [知] е опколено со јамаидаре [疒], болест,е тоа станува дглупавосте [痴]. Со други зборови, дда се жалие може да биде интерпретирано како дзнаење погодено од болест.е

Се разбира, ние човечките битија сме дефинирани дека сме опремени со интелегенција да мислиме и делуваме. Докторот на Науки Харуо Саји (р. 1935) вели дека иако човечките битија се направени од истите основни елементи кои го прават универзумот, како што се водород и јаглерод, тие не се физички предмети, туку попрво, дневеројатни битија кои мислат за себеси, делуваат самостално, ги делат нивните чувства, и коегзистираат преку помагање еден на друге (Јујонсаид но таме но јиканрон (Теорија на времето за четиринаесет годишни лица), Шунјуша, 2012). Тој вели дека дова е затоа што човечките битија ја имаат способноста да замислуваат и да шпекулираат за иднината и други луѓее Ђ со други зборови, затоа што ние имаме умови.

## Обрнете внимание на жалбите на другите

Ве молиме повикајте ги во умот зборовите на Др. Саји, кои јас штотуку ги спомнав. Ние ја имаме способноста да соработуваме со другите, да бидеме обзирни за другите, и да замислиме и да шпекулираме за иднината. Затоа, се што треба да направиме е да ги ставиме нашите способности во употреба. Кога вие чувствувате дека вашиот себичен ум е пред појавување, обидете се да гледате на нештата од неколку различни агли и да размислите што другите луѓе имаат на ум. Или, како што Нирвана сутрата вели дПодучувајте ја вистината на меѓузависно појавување кон болеста на негодувањее: знајте дека вие сте причинети да живеете од цела егзистенција, и обидете се да ја проширите таа слика. Ако, на таков начин, вие можете да живеете живот со барем малку повеќе благодарност, ва шето негодување ќе се намали.

Зборувајќи од перспектива на меѓузависно потекло, истражувањето покажува дека ако родителите во домот секогаш негодуваат или зборуваат лошо за другите, тие причинуваат нивните деца исто да негодуваат повеќе за нештата. Дали сме ние причина за разбудување на негодување во тие околу нас, или дали сме ние причина за разбудување на нивната мудрост? Во зависност на состојбата на на шите умови, ние можеме да имаме различно влијание на тие околу нас.

Сепак, ако на вас не ви е никогаш дозволено да негодувате за нешто, тоа може да ве направи да се чувствувате задушени. Додека вие не треба да дозволите алчноста или лутината да го земат најдоброто од вас, повремено може да биде неопходно да негодувате во фрустрација или да лелекате заради чувство на беспошност. Негодувањето може евентуално да стане почетна точка за вас да осознаете дека е време да сопрете да бидете приврзани кон нешта кои се надвор од ваша контрола, повторно да ја разгледате вашата ситуација, и да продолжите напред со свежи чувства.

Заради ова, јас мислам дека е важно, ние да служиме како садови кои примаат и ги слушаат негодувањата на другите.

(Од *Косеи*, Ноември 2023)

# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Животот на Шакјамуни Буда и учењата на Будизмот

### Параболата за волшебниот град

Група на луѓе патувале заедно на опасно лош пат кој се простирал многу далеку од местото каде што биле големи богатства. Тие станале уплашени и изморени, и некои од нив биле спремни да се вратат. Сепак, тие имале водач кој знаел како да ги води луѓето. Водачот ги употребувал своите вештини и соодветни методи да создаде голем град. Тој им дозволил на групата да се одмара во градот се додека тие престанале да бидат уплашени или уморни, и тој конечно ги водел нив кон местото на богатствата.

Долгиот, опасен пат ги симболизира нашите животи. Водачот го претставува Будата. Оваа приказна ни кажува нас дека Будата, употребувајќи различни вешти методи, нѐ води кон начинот на живот кој е во согласност со учењата, секогаш кога сме наклонети да бидеме упла шени од тешкотиите во животот.













**Дали знаевте?**

Оваа парабола е разјаснета во Поглавје 7 на Лотос Сутрата дПараболата на волшебниот граде. Будата ја споредува доктрината на Едното Буда возило, која ги води сите живи битија да станат буди, со богатствата. Да се стане буда значи да се усоврши сопствениот карактер и да се достигне вистински среќен живот.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## Параболата на Драгиот камен во наметката







### Дали знаевте?

Оваа парабола е разјаснета во Поглавје 8 на Лотос Сутрата дУверувањето на будаство дадено на петстотини верницие. Шиењето на драгиот камен во наметката на бедниот човек од страна на добриот пријател означува дека ние можеме да направиме завет да станеме буди благодарение на Будиното водство. Примајќи ја увереноста на будаство значи дека Будата ни дарува на нас увереност дека ќе станеме буди.

Бедниот човек бил најаден кога тој го посетил домот на неговиот добар пријател, и после тоа тој заспал таму. Додека бедниот човек спиел, домаќинот и добар пријател за шиле бесценет драг камен во наметката на заспаниот човек. Меѓутоа, бедниот човек не го забележал тоа и продолжил да го води неговиот секојдневен живот со те шкотија, заработувајќи само доволно за храна и облека. Неколку години покасно, бедниот човек случајно го сретнал добриот пријател повторно. Пријателот му објаснил на бедниот човек за драгиот камен. Добриот пријател го симболизира Будата, драгиот камен го симболизира на шиот завет да станеме буди; исповедта на пријателот за драгиот камен го означува Будиното дарување на осигурување за будаство на бедниот човек; и за бедниот човек исповедта го симболизира неговото прифаќање на уверувањето на станување на буда.

Параболата нè подучува нас дека иако не е лесно да се стане буди, се додека не го заборавамe нашиот завет да станеме буди, ние ќе го примиме уверувањето на будаство од будата.

# Причината заради која вие сте тука

## Ширење на кругот на среќата

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



ОвааКога вие тргнувате да го лоцирате постоењето на личноста која ја нарекувате дЈасе тука и сега, вие доаѓате до осознавање дека вие не живеете од самите вас.

Будизмот подучува нешто наречено днесопство,е со значење дека не постои единечно нешто во овој свет кое постои во изолација. Сите нешта коегзистираат меѓузависно преку незабележливи врски.

Ние сите сме живи заради нашата меѓуповрзаност со безброј други луѓе. Затоа, ако ние направиме нешто да донесеме тага на личноста блиска на нас, тоа ќе ја направи и личноста блиска на нив тажна. Обратно на тоа, ако вие можете да донесете среќа на барем една личност, кругот на среќата се проширува околу нив, и како тој расте, вие со сигурност имате направено позитивно влијание на многу други луѓе.

Не е само дека дхоризонталните поврзаностие со други луѓе и нешта се важни; двертикалните поврзаностие се исто така клучни за нашето постоење. Фактот дека вие сте тука е благодарение на фактот дека вашите родители биле тука и нивните родители пред нив; вашето постоење се должи на постоењето на вашите претци со генерации. Кога вие мислите за ова, тоа природно прави да вие ги негувате вашите родители и ги почитувате вашите претци, и ова ги впива вашите утрински и вечерни сутра рецитации со срдечна искреност.

Додатно, како практикувачки Будист, вие мора да не заборавите на вертикалните поврзаности кои се шират од вашите деца во верба, вашите Дарма деца, до нивните Дарма деца, кои се вашите Дарма внуци, и продолжува доле до ва шите Дарма правнуци. Ако вашите Дарма деца негуваат добри Дарма вкуци, и ако тие, за возврат, исто растат добри Дарма правнуци, тогаш Дармата ќе продолжи да живее понатаму, пренесувана низ генерации.

дЖивотниот век на Вечниот Татхагатае поглавје на Лотос Сутрата подучува дека животот на Будата е бескраен. Без сомнеж, основниот принцип на ова поглавје е дека животниот век на Вечниот Оригинален Буда е бескраен, но ние можеме да мислиме на ова како исто така да значи дека Дармата, која нѐ подучува на вистината на универзумот и на човечкиот живот, е вечна и непроменлива исто така.

Во истото поглавје на Лотос Сутрата, Будата вели, дЗатоа јас секогаш престојувам тука, подучувајќи ја Дармата.е Животот на Будата е сигурно секогаш жив во луѓето кои го практикуваат Буда Патот и ја подучуваат Будината Дарма.

дСекоја личност води другае е исто за креирање и хоризонтални и вертикални поврзаности на Будината Дарма. Ако вие можете да се почуствувате себеси при центарот на тие драгоцени поврзаности, нема поплеменит начин да се биде човек. Фер е да се каже дека ова е врвното значење на знаењето дЈас сум тука!






# A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**twitter**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : [living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp](mailto:living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp)